## АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ
Примено: 24.10.2017

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
|---|---|---|---|
| 10 | 4681 | 1 | |

во 15:30

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: 20, 21, 22 и 23 октомври 2017 година;

4. **Датум на извршување на надзорот/утврдување на прекршувањето**: 24 октомври 2017 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 76 став 2 од Изборниот законик** („Во сите облици на платеното политичко рекламирање нарачателот на рекламирањето мора да биде јасно означен.“)

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21-М ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20, 21, 22 и 23 октомври 2017 година, на албански и македонски јазик, на државно ниво, **констатирано е прекршување на член 76 став 2 од Изборниот законик**. Радиодифузерот на 20, 21, 22 и 23 октомври 2017 година, емитуваше платено политичко рекламирање за кандидатот за градоначалник на Чаир од ДУИ, Висар Ганиу, во кое нарачателот на рекламирањето не беше јасно означен, а на 23 октомври 2017 година, во повеќе наврати емитуваше платено политичко рекламирање на Беса, во кое исто така, нарачателот не беше јасно означен.

**20.10.2017**

| Период на емитување платено политичко рекламирање за кандидатот за градоначалник на Чаир од ДУИ, Висар Ганиу | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:29:32 - 18:30:55 | 00:01:23 | Не означен |
| 20:44:04 - 20:45:27 | 00:01:23 | Не означен |

**21.10.2017**

| Период на емитување платено политичко рекламирање за кандидатот за градоначалник на Чаир од ДУИ, Висар Ганиу | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 19:27:07 - 19:29:07 | 00:01:22 | Не означен |
| 21:58:09 - 21:59:31 | 00:01:22 | Не означен |

**22.10.2017**

| Период на емитување платено политичко рекламирање за кандидатот за градоначалник на Чаир од ДУИ, Висар Ганиу | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 20:06:03 - 20:07:25 | 00:01:22 | Не означен |
| 21:54:20 - 21:55:44 | 00:01:24 | Не означен |

**23.10.2017**

| Период на емитување платено политичко рекламирање за кандидатот за градоначалник на Чаир од ДУИ, Висар Ганиу | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 19:28:04 - 19:29:26 | 00:01:22 | Не означен |
| 21:58:37 - 21:59:59 | 00:01:22 | Не означен |

**23.10.2017**

| Период на емитување платено политичко рекламирање на Беса | Вкупно времетраење | Нарачател |
|---|---|---|
| 18:29:53 - 18:30:23 | 00:00:30 | Не означен |
| 19:27:30 - 19:28:00 | 00:00:30 | Не означен |
| 20:01:27 - 20:01:57 | 00:00:30 | Не означен |
| 21:04:55 - 21:05:25 | 00:00:30 | Не означен |
| 22:00:04 - 22:00:34 | 00:00:30 | Не означен |
| 22:58:47 - 22:59:17 | 00:00:30 | Не означен |

## 7. Опис на прекршувањето:

Спротивно на одредбите од член 76 став 2 од Изборниот законик, програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, на 20, 21, 22 и 23 октомври 2017 година, емитуваше платено политичко рекламирање, во кое нарачателот на рекламирањето не беше јасно означен.

## 8. Предлог-мерка:

Директорот на Агенцијата, согласно член 76-в став 3 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17 и 125/17) против програмскиот сервис на Трговското Радиодифузно Друштво КОМПАНИ 21- М ДООЕЛ Скопје, да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд во рок од 48 часа по утврдувањето на прекршувањето на одредбите од Изборниот законик.

***Сектор за програмски работи***